**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 29 ноември 2019 година

## Соопштение за печат

# Позначајни движења кај каматните стапки на банките и штедилниците[1]: октомври 2019 година

- Просечната каматна стапка на вкупните кредити во октомври продолжи да се намалува и се сведе на 5,05%, што преставува пад од 0,04 п.п. во однос на претходниот месец. На годишна основа, оваа каматна стапка е намалена за 0,37 п.п. Просечната каматна стапка на вкупните депозити забележа надолно поместување за 0,08 п.п. и се сведе на 1,28%. На годишна основа оваа камата бележи намалување за 0,15 п.п.

- Во текот на октомври, просечната каматна стапка на новоодобрените[2] кредити оствари месечен пад од 0,20 п.п. и изнесува 4,26%, додека споредено на годишна основа, кај оваа каматна стапка е остварено намалување од 0,66 п.п. Просечната каматна стапка на новопримените депозити, овој месец изнесува 1,19% и на месечна и годишна основа се намали за 0,08 п.п. и 0,19 п.п., соодветно.

Табела 1. Каматни стапки на вкупните и на новите кредити и депозити[3]

| | 10.2018 | 11.2018 | 12.2018 | 1.2019 | 2.2019 | 3.2019 | 4.2019 | 5.2019 | 6.2019 | 7.2019 | 8.2019 | 9.2019 | 10.2019 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| во % на годишно ниво | | | | | | | | | | | | | |
| **Вкупни кредити** | **5.42** | **5.40** | **5.33** | **5.30** | **5.28** | **5.26** | **5.23** | **5.20** | **5.19** | **5.15** | **5.13** | **5.09** | **5.05** |
| Корпоративен сектор | 4.72 | 4.69 | 4.63 | 4.59 | 4.57 | 4.54 | 4.52 | 4.48 | 4.45 | 4.42 | 4.38 | 4.32 | 4.27 |
| Домаќинства | 6.15 | 6.12 | 6.08 | 6.03 | 6.02 | 6.01 | 5.98 | 5.94 | 5.92 | 5.86 | 5.84 | 5.81 | 5.78 |
| **Новоодобрени кредити** | **4.92** | **4.75** | **4.49** | **4.77** | **4.76** | **4.84** | **4.71** | **4.68** | **4.70** | **4.68** | **4.61** | **4.46** | **4.26** |
| Корпоративен сектор | 4.77 | 4.42 | 4.30 | 4.43 | 4.33 | 4.53 | 4.31 | 4.34 | 4.29 | 4.20 | 4.22 | 4.11 | 3.89 |
| Домаќинства | 5.34 | 5.36 | 5.03 | 5.41 | 5.54 | 5.49 | 5.35 | 5.18 | 5.22 | 5.27 | 5.22 | 5.10 | 5.06 |
| **Вкупни депозити** | **1.43** | **1.42** | **1.41** | **1.42** | **1.42** | **1.42** | **1.41** | **1.41** | **1.41** | **1.38** | **1.38** | **1.36** | **1.28** |
| Корпоративен сектор | 1.69 | 1.74 | 1.69 | 1.72 | 1.74 | 1.74 | 1.70 | 1.61 | 1.61 | 1.61 | 1.58 | 1.67 | 1.51 |
| Домаќинства | 1.39 | 1.38 | 1.38 | 1.38 | 1.38 | 1.38 | 1.38 | 1.38 | 1.38 | 1.35 | 1.35 | 1.32 | 1.25 |
| **Новопримени депозити** | **1.38** | **1.59** | **1.40** | **1.44** | **1.56** | **1.42** | **1.27** | **1.31** | **1.15** | **1.27** | **1.10** | **1.27** | **1.19** |
| Корпоративен сектор | 1.29 | 1.36 | 1.04 | 1.29 | 1.26 | 1.15 | 1.02 | 1.12 | 0.96 | 1.22 | 0.89 | 1.32 | 1.12 |
| Домаќинства | 1.45 | 1.82 | 1.60 | 1.49 | 1.69 | 1.63 | 1.48 | 1.50 | 1.25 | 1.30 | 1.23 | 1.24 | 1.25 |

Извор: НБРСМ.

[1] Под „каматна стапка" се подразбира пондерирана просечна каматна стапка искажана во проценти на годишно ниво. За подетално објаснување види ја методологијата http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_MIR_07_2018_mak.pdf
[2] Во однос на каматните стапки на новоодобрените кредити/новопримените депозити се карактеристични променливи движења. Ваквите движења на каматните стапки произлегуваат од промените на обемот на новите депозити/кредити (којшто од месец во месец може позначително да се менува), како и од новодоговорената каматна стапка.
[3] Ефектите од промените во методологијата објавени во информацијата на 20 јули 2018 година (www.nbrm.mk/content/statistika/informacii/Informacija_za_promeni_vo_monetarnata_statistika_mk.pdf) не се согледуваат кај поединечните категории каматни стапки на депозитите/кредитите (во денари без валутна клаузула, во денари со валутна клаузула и во странска валута), туку само кај агрегираните каматни стапки (во денари и во странска валута) коишто не се предмет на анализа во соопштението, но се објавуваат на интернет-страницата на НБРСМ.

## 1. Каматни стапки на корпоративниот сектор[4]

– Просечната каматна стапка на вкупните кредити одобрени на корпоративниот сектор, во октомври, оствари месечен пад од 0,05 п.п. и изнесува 4,27%. Овој пад произлегува од намалувањето кај сите компоненти на оваа каматна стапка: каматните стапки на кредитите во странска валута (за 0,06 п.п.) и кредитите одобрени во денари без и со валутна клаузула (за 0,04 п.п., соодветно). Во однос на октомври минатата година, каматната стапка на вкупните кредити на корпоративниот сектор е намалена за 0,45 п.п.







Извор: НБРСМ.

– Овој месец, каматната стапка на новоодобрените кредити на корпоративниот сектор изнесува 3,89% и бележи месечен пад од 0,22 п.п. Анализирано според валутната структура, намалувањето се должи на падот кај каматните стапки на денарските кредити без валутна клаузула и кредитите во странска валута (за 0,41 п.п. и 0,09 п.п., соодветно), во услови на раст на каматната стапка на денарските кредити со валутна клаузула (за 0,11 п.п.). Споредено на годишна основа, оваа каматна стапка е намалена за 0,88 п.п.







Извор: НБРСМ.

[4] За потребите на ова соопштение, корпоративниот сектор ги опфаќа нефинансиските институции (јавни и останати).

– Просечната каматна стапка на вкупните депозити на корпоративниот сектор во октомври 2019 година изнесува 1,51% и во споредба со минатиот месец бележи пад од 0,16 п.п. Месечната надолна промена е резултат на падот кај каматните стапки на денарските депозити без валутна клаузула и депозитите во странска валута (за 0,17 п.п. и 0,02 п.п., соодветно), додека каматната стапка на денарските депозити со валутна клаузула е непроменета. Споредено на годишна основа, просечната каматна стапка на вкупните депозити на корпоративниот сектор е пониска за 0,18 п.п.

– Просечната каматна стапка на новопримените депозити[5] на корпоративниот сектор во октомври е пониска за 0,20 п.п. споредено со претходниот месец и изнесува 1,12%. Притоа, падот произлегува од намалувањето кај каматните стапки на денарските депозити без и со валутна клаузула (за 0,33 п.п. и 0,27 п.п., соодветно), при минимален раст кај каматна стапка на депозитите во странска валута (за 0,01 п.п.). На годишно ниво, оваа каматна стапка е намалена за 0,17 п.п.

## 2. Каматни стапки на домаќинствата[6]







Извор: НБРСМ.

– Во споредба со минатиот месец, каматната стапка на вкупните кредити на домаќинствата во октомври е намалена за 0,03 п.п. и изнесува 5,78%. Месечното намалување произлегува од падот кај сите каматни стапки, и тоа: на кредитите во денари без валутна клаузула (за 0,05 п.п.), кредитите во странска валута (за 0,03 п.п.), како и на кредитите во денари со валутна клаузула (за 0,02 п.п.). Во однос на октомври 2018 година, просечната каматна стапка на вкупните кредити на домаќинствата е пониска за 0,37 п.п.

---

[5] Во графиконот што се однесува на каматните стапки на новопримените депозити на корпоративниот сектор, прекинот во сериите податоци кај каматните стапки во денари со валутна клаузула се должи на тоа што во дадени месеци банките и штедилниците не примиле таков вид депозити од корпоративниот сектор.
[6] За потребите на ова соопштение, домаќинствата опфаќаат: физички лица, самостојни вршители на дејност и непрофитни институции коишто им служат на домаќинствата.

– Октомвриската просечна каматна стапка на новоодобрените кредити на домаќинствата изнесува 5,06% и е пониска за 0,04 п.п. споредено со претходниот месец. Намалувањето е под влијание на надолната промена кај каматните стапки на кредитите во странска валута и кредитите во денари со валутна клаузула (за 0,38 п.п. и 0,09 п.п., соодветно), додека каматата стапка на кредитите во денари без валутна клаузула е непроменета. На годишно ниво, кај каматната стапка на новоодобрените кредити на домаќинствата е забележан пад од 0,28 п.п.







Извор: НБРСМ.

– Просечната каматна стапка на вкупните депозити на домаќинствата изнесува 1,25% и овој месец се намали за 0,07 п.п. Притоа, овој пад е под влијание на намалувањето на каматните стапки кај денарските депозити без валутна клаузула и депозитите во странска валута (за 0,10 п.п. и 0,03 п.п.), во услови на непроменета каматна стапка кај денарските депозити со валутна клаузула. Споредено на годишна основа, просечната каматна стапка на вкупните депозити на домаќинствата е пониска за 0,14 п.п.

– Во октомври, просечната каматна стапка на новопримените депозити на домаќинствата[7] е повисока за 0,01 п.п. на месечна основа и изнесува 1,25%. Растот во целост се должи на зголемувањето на каматната стапка на депозитите во странска валута (за 0,02 п.п.). Притоа, каматната стапка на денарските депозити без валутна клаузула не забележа промени на месечно ниво, во услови кога банките и штедилниците четврти месец по ред не примиле денарски депозити со валутна клаузула. Во споредба со октомври минатата година, кај оваа каматна стапка е забележан пад од 0,20 п.п.

[7] Во графиконот што се однесува на каматните стапки на новопримените депозити на домаќинствата, прекинот во сериите податоци кај каматните стапки во денари со валутна клаузула се должи на тоа што во дадени месеци банките и штедилниците не примиле таков вид депозити од домаќинствата.

**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

***

**Придружни информации**

Временски серии податоци: годишни, квартални и месечни податоци за пондерираните каматни стапки на банките и штедилниците http://www.nbrm.mk/ns-newsarticle-ponderirani_kamatni_stapki_na_bankite_i_stedilnicite_nova_metodologija_od_januari_2015_godina.nspx

Методолошки објаснувања:
http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_MIR_07_2018_mak.pdf

Следни објавувања: Календар на објавување податоци
http://www.nbrm.mk/content/statistika/kalendar/Kalendar_na_objavuvanje_podatoci.pdf

Месечни податоци за каматните стапки: 31 декември 2019 година (референтен пресек заклучно со ноември 2019 година).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 116 (или 112/ 110/108).